ОКСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

Бр. 0801-302/8
03.08 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-302 од 15.11. 2019 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против СУГС гимназија „Јосип Броз Тито“ од Скопје, за извршена продолжена директна дискриминација по основ на образование и политичко уверување согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 28.07.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА** директна продолжена дискриминација по основ на образование, политичко уверување и повреда на правото на еднаквост во областа на работните односи, извршена од страна на СУГС гимназија „Јосип Броз Тито“ Скопје преку работоводниот орган – директорката [redacted] кон подносителот на претставката [redacted]

## Образложение

Во претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] од Скопје, против СУГС „Јосип Броз Тито“ од Скопје што е поднесена на 15.11.2019 година, поднесувачот до Комисијата ја достави следнава документација околу Јавниот оглас за вработување на наставник по физика за настава на македонски јазик на определено време-старо финансирање за учебната 2019/2020 година (точка 10), објавен во дневниот весник „Независен“ од 28-29 септември 2019 година, под број 520, со тврдење дека при изборот на извршител за ова работно место бил дискриминиран, како што наведува, најверојатно од политички и лични причини на директорот и училишниот одбор и затоа не бил избран на објавениот конкурс на определено време, иако имал повисок степен на соодветно високо образование (270- ЕКТС кредити) за разлика од противкандидатката која имала 240 ЕКТС кредити, и подобар просек (7,83 наспроти 7,13).

Подносителот на претставката до КСЗД ги достави следните документи:

- Универзитетска диплома од Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за завршени додипломски студии по физика- поднасока астрономија со средна оценка, 7.83 и звање Дипломиран инженер по физика-астрономија, под број 6446, од 16.12.2011 година и стекнати 240 ЕКТС кредити;
- Сертификат за стекната Педагошко-психолошка и методска подготовка – педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, бр. 09-212/25 од 21.08.2015 година, завршени со просечна оцена 10.00 и стекнати дополнителни 30 ЕКТС кредити;
- Уверение од МОН за положен стручен испит на 11.05.2017 година, заведен под бр. 12-14239/26-2016 од 09.06.2017 година;
- Преглед на регистрирани податоци во матична евиденција од Фондот за ПИОМ каде се гледа дека лицето [redacted] во тој период имал остварено вкупен работен стаж од 5 години и 1 месец

и 12 денови, од кои 4 години и 7 месеци и 16 дена во континуитет, започнувајќи од 16.12.2014 до 31.08.2019 година, токму во СГУС гимназија „Ј. Б. Тито“ Скопје;

- Копија од објавениот Јавен оглас во весникот „Независен“ од 28-29.09.2019 под бр.520
- Пријава од [redacted] со приложена целосна документација која се бара во објавениот Јавен оглас, примена под бр.04-437/1 од 30.09.2019;
- Писмено известување до [redacted] за кандидат кој не е избран на оглас, издадено од СГУС гимназија „Ј.Б.Тито“ под бр.04-437/2 од 22.10.2019;
- Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од страна на [redacted] до службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во СУГС Гимназија „Ј.Б.Тито“ Скопје;
- Пријава од [redacted] до Државен трудов инспекторат бр.09-966 од 18.10.2019;
- Пријава од [redacted] до Државен просветен инспекторат од 18.10.2019;
- Известување од Државниот инспекторат за труд бр. _09-1277 од 24.10.2019, за извршен инспекциски надзор во гимназијата каде констатирале дека работодавачот ја спровел постапката за избор на наставник по физика врз согласно одредбите од законот за наставници и стручни соработници па согласно тоа ја препраќаат претставката на постапување од страна на државниот просветен инспекторат;
- Известување за покрената постапка од страна на Народниот правобранител;
- Тужба до Основен суд Скопје 2 преку полномошник адвокат [redacted] од Скопје, примена на 18.06.2019 година, за трансформација на работен однос од определено на неопределено време;
- Пресуда од Основниот граѓански суд Скопје VII РО-1976/19/19 од 19.12.2019, во која се усвојува тужбеното барање на [redacted] и се задолжува СГУС гимназија „Ј.Б.Тито“ да склучи договор за вработување на неопределено време со тужителот [redacted]
- Решение од Апелациониот суд Скопје, бр. РОЖ-636/20 од 10.02.2021, во кое се уважува Жалбата на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито“ и се укинува претходната Пресуда;
- Пресуда од Основниот граѓански суд Скопје бр. VII РО-601/21 од 05.05.2021, во која повторно се усвојува тужбеното барање на [redacted] и се задолжува СГУС гимназија „Ј.Б.Тито “да склучи договор за вработување на неопределено време со тужителот [redacted]

Согласно законските надлежности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.05.2021 година до СГУС гимназија „Јосип Броз Тито“ испрати барање за произнесување околу наводите содржани во претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-302. Произнесувањето од страна на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито“ бр.02-258 од 17.06.2021, пристигна до архивата на КСЗД на истиот ден. Во истото, тие најпрво истакнуваат дека не им е јасно зошто поднесувачот навел дека бил дискриминиран врз основа на политичка припадност, односно не можеле да утврдат дали квалификативот се однесува на политичката припадност на подносителот или на органот на кого се однесува претставката. Во продолжение, тие се повикуваат на Записникот од извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат бр. Ип1.09-464 од 11.11.2019 година по претставка на подносителот, во кој се констатира дека не се забележани неправилности при изборот на наставник по физика и согласно тоа ДПИ ја запира постапката. Како прилози на ова Произнесување, тие до КСЗД доставуваат копии од следниве документи:

- Записник од извршен инспекциски надзор од ДПИ бр. Ип.1 09-464 од 11.11.2019;
- Одлука на УО на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито“ бр. 02-394/1 од 11.09.2019.

Согласно член 24 став 2, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 12.07.2021 достави барање за доуредување на претставката до [redacted] бр.0801-302/4, во кое побара дополнителни информации поврзани со неговите тврдења во претставката како и достава на копија од Приговорот бр.377/1 што тој го доставил против Решението на Директорката на СУГС „Ј.Б.Тито“ бр. 04/368/1 од 29.08.2019.

На истиот ден, Комисијата достави и барање до СУГС „Ј.Б.Тито“ за достава на следните документи:

- Копија од Мислењето на Бирото за развој на образованието бр. 08-1358/2 од 06.11.2019, кои самите го побарале заради толкување на соодветноста на кандидатите со Норматив за наставен кадар по предметот физика;
- Копија од Одлуката за верификација на документацијата и изборот на кандидатите пријавени на огласот од 28-29.09.2019;
- Копија од Записникот од седницата на УО за утврдување и избор на кандидати од 07.10.2019;
- Копија од Одлуката на УО донесена на седницата одржана на 07.10.2019;
- Копија од Уверението за завршени испити на додипломските студии на избраната кандидатка на местото огласено под бр.10 во Огласот за наставник по физика на македонски јазик – [redacted]
- Копија од одлуката на Директорката за потврдување и избор на кандидат за работното место – наставник по физика за настава на македонски јазик.

Во истото барање побаравме и одговор **дали во периодот август-октомври 2019 година донеле Решение за трансформација на работен однос од определено на неопределено време на некој друг наставник/наставничка по физика за настава на македонски јазик** и побаравме документација за истото.

СУГС гимназија „Ј.Б.Тито“ на 20.07.2021, бр. 0-385, ги достави следните документи до КСЗД:

- Барање копија од Мислење на БРО бр. 08-1358/2 од 06.11.2019 доставено до БРО (не го доставува Мислењето);
- Одлука за формирање комисија за работни односи за разгледување на доставените документи по јавниот оглас за прием на наставници на определено време – старо финансирање во учебната 2019/20, бр.-432/ 4 од 27.09.2019, потпишано од директорката [redacted];
- Извештај на Комисијата за работни односи бр. 02-471/2 од 07.10.2019;
- Записник од седницата на УО одржана на 07.10.2019, бр.02-471/1, потпишан од претседателката на УО, [redacted]
- Предлог за избор на кандидати за стручни соработници и наставници за настава на македонски и турски јазик за учебната 2019/20 од страна на УО на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито“ бр. 02-471/5 од 07.10.2019;
- Одлука за избор на наставник – [redacted], бр.04-498 од 21.10.2019, потпишана од директорката [redacted]
- Диплома на име [redacted] од Велес, за стекнато високо образование на Природно-математичкиот факултет при УКИМ -Скопје, студии по физика -наставна насока и стекнато звање-дипломиран професор по физика (број и датум нечитливи);
- Уверение за положен стручен испит на име[redacted] од 17.11.1998;
- Уверение за положени испити на име [redacted], издадено од Секретаријатот на Природно-математичкиот факултет при УКИМ Скопје, од 23.03.1998 година, каде е констатиран просечниот успех на студиите 7.13;
- Одлука за прием на лица за засновање на работен однос на определено работно време по јавен оглас за учебната 2019/2020, бр. 04-498/1 од 21.10.2019 година, потпишана од директорката [redacted]

Притоа, **не дадоа одговор дали трансформирале работен однос од определено на неопределено време на наставник по физика во гимназијата во периодот август-октомври 2019 година.**

На 24.07.2021 година, во просториите на КСЗД, подносителот на претставката [redacted] лично ги достави следните документи:

- Приговор од негова страна до УО на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито" во кој бара поништување на Решението 04-368 од 29.08.2019 и продолжување на неговиот договор за вработување;
- Одлука од УО на училиштето бр.02-394/1 од 11.09.2019 во кое се одбива неговиот приговор како неоснован и се потврдува Решението за престанок на работен однос бр.04-368/1;
- Изјави од родители на ученици на кои [redacted] им предавал физика: [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] заверени на нотар, во кои со пофални зборови го оценуваат работењето на [redacted] како наставник.

Во просториите на Комисијата дојде и се легитимираше поранешната колешка на [redacted] во Гимназијата, пензионираната наставничка по физика, [redacted], која даде изјава на записник во присуство на два члена на КСЗД. Во истата таа посочи дека била менторка на [redacted] за полагањето на приправничкиот испит за наставник по физика и го оцени како коректен колега, кој добро работел со децата и бил прифатен од страна на учениците и потсети дека го запознала кога се вработил во гимназијата на местото на пензионираната наставничка по физика – [redacted] во декември 2014. Таа изјави и дека не заминала по сопствена волја во пензија туку под силен притисок и мобинг од страна на раководните органи во 2017 година, за што побарала и судска заштита. Но пресудата што судот ја донел во нејзина корист била донесена на 13.05.2019, а станала правосилна дури на 11.06.2020. На нејзино место во 2017 во Гимназијата била ангажирана [redacted] како наставник по физика на определено време, **на која во 2019 година ѝ го трансформирале работниот однос од определено на неопределено време, иако судскиот спор сѐ уште бил во тек, што е спротивно на закон, бидејќи на оптужено место не може да се ангажира работник на неопределено време..** Таа смета дека намерно била испратена во пензија со цел да се фаворизира [redacted] во однос на [redacted] кој од 2014 до 2019 непрекинато работел во Гимназијата со договори на определено време, па наместо Гимназијата да побара дозвола за трансформација за [redacted], тоа го сторила во корист на [redacted] Причина за ваквото нееднакво постапување кон [redacted], таа смета дека е мотивирано од политички причини, затоа што директорката била политичка активистка на партијата [redacted] и најверојатно, според неа, била водена од некаков личен или партиски интерес.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги разгледа сите документи и наводи од двете страни и утврди дека согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), СУГС гимназија „Јосип Броз Тито" преку работоводниот орган – директорката [redacted], извршила повеќекратна директна дискриминација по основ на образование и политичко уверување во областа на работа и работни односи во образовниот систем кон [redacted], што го поткрепува со следните факти и аргументи:

1. Наместо по автоматизам, согласно закон, да го трансформираат работниот однос на [redacted] од определено на неопределено време, за што самиот поднел и официјално Барање за трансформација **на 07.06.2019** со оглед дека ги исполнувал сите услови пропишани во чл.46 став 4 од ЗРО, директорката [redacted] му издала Решение за престанок на работен однос, бр. 04-368/1 од 29.08.2019. Во меѓувреме, таа започнала постапка за трансформација на работен однос од определено на неопределено време за што добила согласност од Министерството за финансии на **14.08.2019**, додека [redacted] сѐ уште бил во работен однос, наменето за [redacted]. Со ваквото однесување, [redacted] го повредила правото на [redacted] на еднаков пристап до работно место, фаворизирајќи ја [redacted], бидејќи го трансформирала нејзиниот работен однос од определено на неопределено време на **01.10.2019, само еден ден откако на [redacted] му престанал работниот ангажман во Гимназијата**, што согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува дискриминација.

2. [redacted] потоа распишала јавен оглас за избор на наставник по физика за настава на македонски јазик, (точка 10 од објавениот јавен оглас бр.520 од 28-29.09.2019 година), на кој аплицирале два кандидати, тогаш веќе невработениот [redacted] и [redacted]. Со Одлуката за прием на лица за засновање на работен однос на неопределено време за учебната 2019/2020 година потпишана од директорката [redacted] за местото наставник по физика била избрана кандидатката [redacted], со што кандидатот [redacted] бил дискриминиран по основ на образование со оглед дека имал повисок степен на образование (270 кредити според ЕКТС) и повисок просек на завршените студии (7.83) во однос на [redacted] која имала степен на образование 240 ЕКТС-кредити и просек од 7.13. Впрочем, дека бил различно третиран во однос на другите кандидати, говори и фактот што во Записникот од седницата на УО одржана на 07.10.2019 стои дека при изборот за наставник по географија, Одборот предложил да биде ангажирано лицето А. К., меѓу другото и поради повисокиот просек од просекот на противкандидатката. Во Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Сл.весник на РСМ бр.161/2019 од 05.08.2019), во чл.10 став 3 гласи: ***„Кога на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, ќе се јават повеќе кандидати, предност имаат наставниците, кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии."***

Дополнително, во членот 12 од истиот закон, став 2 гласи:***„ Училишниот одбор при изготвувањето на предлогот од ставот (1) на овој член, задолжително треба да ја земе предвид одредбата од членот 10 став (3) од овој закон."***

**Основниот суд Битола, во својата Пресуда бр. 108/20 од 25.09.2020, во врска со примената на член 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, напоменува дека од страна на Министерството е изготвено толкување во смисла дека, оваа одредба се применува само во случај кога кандидатот кумулативно ќе ги исполнува двата наведени услови, односно и повисок степен на соодветно образование и повисок успех во текот на додипломските студии, а за да може да му се даде предност на истиот во однос на другите кандидати кои конкурирале на јавниот оглас, па во ваков случај до директорот се доставува предлог само за тој кандидат.**

Во образложението на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито" се наведува дека [redacted] не бил избран затоа што предност им дале на кандидатката што *„според образованието, е во согласност со стандардот за наставен кадар, огласно Нормативот за изведување наставна програма по предметот физика за трета година гимназиско образование... одредено од МОН и БРО"* (цитат од Записник на УО, 02-471/1 од 07.10.2019). Но, во Записникот од вонредниот инспекциски надзор извршен на 11.11.2019 од Државниот просветен инспекторат, стои: *„Согласно Нормативот за Наставен кадар по физика за III и IV година се предвидува: VII/1 степен, 1. Наставна насока и 2. Применета насока, со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит."* Од ова произлегува дека двајцата кандидати ги задоволувале стандардите според Нормативот, подеднакво. Согласно член 4 став 1, *Лице кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока* ***и се утврдени со нормативот за наставен кадар во наставната програма****, може да се вработи во основно, односно средно училиште, освен во одделенска настава, само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи.* Согласно став 6 од истиот член, по стекнувањето на вкавка подготовка, на кандидатот му се признаваат дополнителни 30 кредити според ЕКТС.

Од сето ова, произлегува дека УО на СУГС гимназија „Ј.Б.Тито" намерно не зел во предвид дека кандидатот [redacted] имал поголем степен на образование (270 кредити според ЕКТС) и повисок успех во студиите, со што го ставил во подредена состојба во однос на кандидатката при остварувањето на уставно загарантираното право на еднаков пристап до работно место, што претставува дискриминаторско однесување. За потсетување, членот 5 од Законот за наставници и стручни соработници гласи: ***Се забранува дискриминација на наставниците по сите основи.***

Од севкупната документација што ја разгледуваше Комисијата, јасен е фактот дека [redacted] бил работно ангажиран на определено време почнувајќи од пензионирањето на наставничката по физика, [redacted], од 16.12.2014 па сè до 31.08.2019, кога добил Решение за престанок на работен однос, бр. 04-368/1 од 29.08.2019. Од прегледот на регистрирани податоци во матична евиденција на Фондот за ПИОМ, се гледа дека до 31.08.2019 година, [redacted] остварил вкупен стаж од 5 години и 12 денови, со што го исполнил условот за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време согласно чл. 46 ст.1, 3 и 4 од ЗРО, па затоа на 07.06.2019 година поднел Барање го Гимназијата за трансформација на работниот однос. Наместо да постапи согласно законските одредби од ЗРО и да го трансформира работниот однос на подносителот, директорката на СУГС Гимназија „Ј.Б.Тито" му врачила решение за престанок на работен однос на [redacted], па распишала јавен оглас за вработување на наставници на определено работно време- старо финансирање за учебната 2019/2020, а паралелно веќе започнала постапка за трансформација на работен однос од определено на неопределено време за наставник по физика( на 14.08.2019 година добила согласност од Министерство за финансии), но не за [redacted] туку за [redacted], која во Гимназијата била ангажирана на определено време од 2017 година, а односот ѝ бил трансформиран од 01.10.2019. **Со неизбирањето на [redacted] на јавниот оглас, давајќи ѝ неаргументирана предност на [redacted], таа практично го елиминирала од „трката" за работен однос на неопределено време што го наменила за [redacted] дискриминирајќи го по втор пат.** Ова тврдење се споменува и во двете пресуди на Основниот граѓански суд Скопје. Во Пресудата бр. VII РО-1976/19/19 од 19.12.2019, меѓу другото се заклучува: *„...а во текот на постапката од изведените докази се докажа дека тужениот* (Гимназијата „Ј.Б.Тито ") *го одолговлекувал пополнувањето на упразнетото работно место за наставник по физика сè до престанувањето на договорот за вработување на тужителот* ([redacted]) *на определено време, **со цел да го трансформира работниот однос од определено на неопределено работно време на друг вработен.** "* Во Пресудата бр. VII РО-601/21 од 05.05.2021, се вели: *„Ова значи дека во периодот до 31.08.2019 тужителот* (Ц.Н.) *во целост ги исполнувал условите за трансформација на работниот однос од определено во неопределено работно време, но тужениот* (Гимназијата) ***очигледно свесно не го пополнувал слободното работно место сè до престанувањето на договорот за вработување на тужителот на определено време, со цел да го трансформира работниот однос од определено на неопределено време на друг вработен. "***

Согласно член 6 и 8 од ЗСЗД, ваквото однесување се третира за директна дискриминација по основ, како што наведува подносителот, на политичко уверување на директорката на СУГС „Ј.Б.Тито", [redacted], посочувајќи дека таа е истакнат активист на политичката партија [redacted], па најверојатно го чувала тоа место за некој политички избор.

За да ги потврди ваквите тврдења на подносителот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација направи увид на официјалната веб-страница на политичката партија [redacted][1]. На истата може да се види дека [redacted] е претседателка на Форумот на жени на [redacted]. Исто така, видливо е и дека на нејзиниот личен профил на социјалната мрежа „Фејсбук" таа речиси секојдневно става содржини со политички активности[2].

Дополнително стои и фактот дека и [redacted] е политичка активистка – членка на Организацијата на жени на [redacted], што може да се забележи на нивната официјална веб-страница[3].

Согласно ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди продолжена директна дискриминација извршена од страна на СУГС гимназија „Јосип Броз Тито" и директорката [redacted]

---

[1] https://[redacted]
[2] https://www.facebook.com/[redacted]
[3] https://[redacted]/

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk

кон [redacted] од Скопје, врз основа на образование и политичко уверување, па согласно чл. 27 став 2 од ЗСЗД, според кој Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото на еднаквост кон [redacted], ја издава следнава

## ПРЕПОРАКА

Се задолжуваат СУГС гимназија „Јосип Броз Тито" Скопје и директорката [redacted] да склучат договор за вработување на неопределено време со подносителот на претставката [redacted], на работно место наставник по физика во паралелките со настава на македонски јазик, со работни задачи согласно актот за систематизација на училиштето, во рок од 30 дена и за тоа да ја известат Комисијата, согласно чл.27 став 3 од ЗСЗД, кој гласи:

„Лицето на кое е упатена препораката **е должно** да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена."

Доколку училиштето и директорката не постапат согласно оваа Препорака, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Скопје, 03.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:

- [redacted] 1000 Скопје
- СУГС гимназија „Јосип Броз Тито- ул. "Димитрија Чуповски" бр.27, 1000 Скопје